**20210711062**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 став 1 и 3 и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК КОВАНИ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 1 ДЕНАР СО ИЗМЕНЕТИ БЕЛЕЗИ

1. Со оваа одлука се пуштаат во оптек ковани пари во апоен од 1 денар со ознака на ковање „2020“ и со белези утврдени во Одлуката за издавање и за основните белези на кованите пари во апоен од 1 денар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 223/15) и Одлуката за издавање ковани пари во апоен од 1 денари со изменети белези („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 181/19), почнувајќи од 1 април 2021 година.

2. Со пуштање во оптек на кованите пари од точка 1 на оваа одлука во готовинскиот платен промет на Република Северна Македонија останувaат во оптек кованите пари во апоен од 1 денар издадени врз основа на Одлуката за издавање и за основните белези на кованите пари во апоен од 1 денар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 223/15) и Одлуката за издавање, апоенска структура и основните белези на кованите и книжни пари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/93).

3. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/IV-1/2021
26 март 2021 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.